ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Студеничани

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (630) за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- Во првата половина на годината, реализацијата на планираните приходи во буџетот е 30%, а со ребаланс истиот е зголемен за 20%, со што се зголемува можноста од создавање на обврски;
- Годишниот извештај не ги содржи сите прилози и не е усвоен од Советот;
- Не се пресметува и наплатува камата на даночните побарувања кои не се платени во рок;
- Не се остварени приходи по основ на надоместок за одржување на јавна чистота.

**Издадено мислење/заклучок*:** (црвено)

Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики

**Клучни препораки:**
- Планирањето на буџетот да се заснова на реална проценка на сопствените ресурси имајќи ги предвид неизмирените обврски;
- Изготвување на комплетен Годишен извештај кој ќе биде усвоен од Советот;
- Пресметување и наплата на камата за побарувањата кои не се платени во рок
- Наплатениот надоместок за одржување на јавна чистота од ЈКП Студеничани, да се уплаќа месечно на сметка на буџетот.

**Клучни системски слабости:**

Слабости во Законот за комунални такси кај тарифните броеви 9 и 10 комуналната такса за користење на улици и патишта и одржување јавно осветлување.

Слабости во Законот за даноците на имот за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности на општините со регистарот кој го води АКН на РСМ.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на сметка на основен буџет (630).

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk